## КАРТИЧКА СО ПРЕДУПРЕДУВАЊА ЗА ПАЦИЕНТОТ

**ELYES (apixaban)**
**Картичка со предупредувања за пациентот**
**Носете ја оваа картичка секогаш со Вас.**

**Покажете ја оваа картичка на Вашиот лекар, стоматолог или друг здравствен работник кој Ве лекува.**

**Се лекувам со антикоагулантниот лек Elyes (апиксабан) кој спречува згрутчување на крвта**

**Ве молиме пополнете го овој дел или побарајте од Вашиот лекар да го пополни:**
Име и презиме:
Датум на раѓање:
Индикација:
Доза: mg двапати на ден
Име и презиме на лекар:
Телефонски број на лекар:

**Информации за пациенти**

- Земајте го Elyes редовно, според упатството. Ако пропуштите доза, земете ја штом ќе се сетите и продолжете според редовниот распоред на дозирање.
- Не престанувајте да го земате Elyes без да разговарате со Вашиот лекар бидејќи сте изложени на ризик од мозочен удар или други компликации.
- Elyes помага во разредувањето на крвта. Сепак, ова може да го зголеми ризикот од крварење. Знаците и симптомите на крварење вклучуваат создавање на модринки или крварење под кожата, црно обоена столица, крв во урината, крварење од носот, вртоглавица, замор, бледило или слабост, ненадејна силна главоболка, кашлање крв или повраќање крв.
- Доколку крварењето не запре само од себе, **веднаш побарајте медицинска помош.**
- Доколку треба да се подложите на операција или било каква инвазивна процедура, известете го Вашиот лекар дека земате Elyes.

**Информации за здравствени работници**

- Elyes (апиксабан) е орален антикоагуланс, кој делува со директна селективна инхибиција на факторот Xa.
- Elyes може да го зголеми ризикот од крварење. Во случаи на тешко крварење, треба веднаш да се прекине со употребата на лекот.
- Лекувањето со лекот Elyes не бара рутинско следење на изложеноста. Калибрираното квантитативно одредување на содржината на анти-фактор Xa може да биде корисно во исклучителни ситуации, како што се предозирање и итна хируршка интервенција (тестови за коагулација: протромбинско време (PT), меѓународен нормализиран соодност (INR) и активирано парцијално тромбопластинско време (aPTT) не се препорачуваат) – видете го Збирниот извештај за особините на лекот.
- Достапен е лек за реверзија на анти-фактор Xa активноста на апиксабан.